UDC: 327(470:477)

Original research paper

# THE UKRAINIAN QUESTION AND BALANCE OF POWER

**Jordanka Galeva**
Assistant professor, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
jordanka.galeva@ugd.edu.mk

**Abstract**

The subject of analysis in this paper is Russian-Ukrainian relations and their effect on the balance of power. The first part of the paper gives a brief historical overview of the alliances formed after the collapse of the USSR and the Warsaw Pact. The second part is dedicated to Russian-Ukrainian relations. The third part gives a brief overview of international politics in the post-cold period, while the fourth part provides conclusive views on the effect of the Ukrainian issue on the balance of power.

***Keywords:*** Ukraine, Russia, USA, China, Turkey, balance of power,energetic gas

# УКРАИНСКОТО ПРАШАЊЕ И РАМНОТЕЖА НА МОЌТА

**Јорданка Галева**
доц. д-р., Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип
jordanka.galeva@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Предмет на овој труд се руско-украинските односи и нивниот ефект врз рамнотежата на моќ. Во првиот дел на трудот е даден краток историски осврт на сојузите кои се формираат после распадот на СССР и Варшавскиот пакт. Вториот дел е посветен на руско-украинските односи. Во третиот дел е даден краток осврт на балансирање на моќта во пост студениот период, додека во четвртиот дел се изведени заклучни видувања во однос на ефектот на украинското прашање врз рамнотежата на моќта.

***Клучни зборови:*** Украина, Русија, САД, Кина, Турција, рамнотежа на моќ, енергетски гас

## Вовед

Руско-украинскиот конфликт (украинско прашање) не е од локална природа, ниту пак регионална, напротив неговото значење достигнува светски размери, вклучувајќи го и интересот на Организацијата на Северноатлантскиот договор

(НАТО) и Европската Унија (ЕУ), во кои засегнатите страни не членуваат. Но, токму желбата на едната страна (Украина) да ја пресече „папочната„ врска за да се приклучи кон овие сојузи, се перцепира како директна закана по безбедноста на другата страна (Русија). Во последното дваесетолетие билатерални односи на овие држави добија меѓународно значење и имаат директно влијание врз светската рамнотежа на моќта. Во трудот е направен краток осврт на периодот после распадот на СССР со посебен акцент на руско-украинските односи и улогата на САД, ЕУ, НАТО, Турција и Кина.

## 1. Распадот на СССР и Варшавскиот пакт и новите сојузи во Евроазија

Сојузот на Советските Социјалистички Републики (СССР) беше основан на 30-ти декември 1922 година, со потпишување на договор од страна на Русија, Белорусија, Украина и Закавкаската република (Ерменија, Грузија и Азербејџан), а престана да постои во 1991 година, со склучување на *Беловешкиот Пакт*[1]. Формалното укинување се случи на 21 декември истата година, со потпишување на Протоколот од Алма-Ата, од страна на сите советски републики (освен Грузија), со кој, сите потписнички, со исклучок на балтичките републики Естонија, Литванија и Летонија, предвидуваа симултано преминување во Заедницата на Независни Држави (ЗНД)[2]. Првиот чекор кој водеше кон распад на Советскиот сојуз се поврзува со усвојување на политиката позната како *перестројка*[3] (за време на претседателството на Михаил Горбачев (Michail Gorbačëv)), додека вториот потег, кој всушност го означи распадот на овој сојуз е поврзан со укинување на *Доктрината Брежњев*[4]. Имено иако во 1985 година (истата година кога беше усвоена перестројката)беше обновен и Варшавскиот договор за пријателство, соработка и взаемна поддршка (Варшавскиот пакт[5]),

[1] Пактот беше потпишан од страна Русија, Белорусија и Украина на 8 декември 1991 година.

[2] Commonwealth of Independent State, *Treccani Atlante geopolitico 2014,* Istituto della enciclopedia italiana Roma, Roma, 2014, p.989.

[3] На руски *перестройка*, што буквално значи преструктуирање. Оваа политика предвидуваше модернизација на советскиот комунизам(еден вид на процес на демократизација), економско преструктурирање (економскиот либерализам),промени во раководството на партијата, замена на политичко-економскиот централизам со нов децентрализиран модел.

[4] *Доктрината Брежњев* позната и како доктрина за ограничен суверенитет, беше донесена во 1968 година и одредуваше дека ниедна држава не смее да го напушти Варшавски пакт, ниту пак да ја наруши рамнотежата на еднопартискиот систем во земјите од Источниот блок. Имено политика која произлезе од оваа доктрина ја овластуваше СССР да интервенира и да се меша во внатрешните работи на земјите членки на овој пакт, за кои истакнати примери и докази се интервенцијата за време на унгарската револуција во Будимпешта во 1956 година и Прашката пролет во 1968 во Чехословачка.
Glazer,Stephen G., *The Brezhnev Doctrine*, 5 INT'L L. 169 (1971), https://scholar.smu.edu/til/vol5/iss1/13

[5] Укинувањето на овој пакт значеше раскинување на политичката и воена коалиција, формирана на 14 мај 1955 година во Полска, од страна на СССР и земјите од Источна Европа (Бугарија, Чехословачка, Источна Германија, Унгарија, Полска, Романија и Албанија (која подоцна се повлече)). Создавањето на варшавската коалиција всушност се случи како реакција на

договорите со САД за разоружување и редефинирање на советско-европските односи, ги засилија индивидуалните аспирации за независност на земјите од источниот блок (бивши советски и сателитски држави) кои дополнително во 1989 година, беа охрабрени и од укинување на *Доктрината Брежњев.* Овие одлуки доведоа до пад на Берлинскиот ѕид, како и до укинување на Варшавскиот Пакт кој се случи во Будимпешта на 1 јули 1991 година. При распадот на Варшавскиот пакт, една фамозна реченица која во текот на годините, а посебно во последно време се споменува во меѓународните дискусии е онаа кога американскиот државен секретар Џејмс Бејкер (James Baker) во 1990 година го прашува Горбачев дали преферира да види една соединета Германија, надвор од НАТО, независна и без американски вооружени сили, или пак соединета Германија врзана за НАТО, со гаранција дека јурисдикцијата на НАТО нема да се помести ниту за еден инч (2,54 сантиметри) кон Истокот[6]?

Првиот член од Источниот блок кој се вклучи во НАТО, беше токму Источна Германија, по која следеше приклучување на другите поранешни членки на Варшавскиот пакт, Чешка, Унгарија и Полска (во 1999 година), потоа трите бивши советски балтичките земји, Естонија, Литванија и Латвија, како и Бугарија, Словачка и Романија (во 2004 година). Сите овие, истата година ќе станат членки на Европската Унија (ЕУ), со исклучок на Бугарија и Романија кои ќе бидат примени во 2007 година. Во однос на другите држави од Источниот блок, Молдавија и Грузија во 2013 година ќе го потпишат Договорот за Асоцијација со ЕУ, додека во Украина овој процес ќе биде суспендиран од украинскиот претседател Виктор Јанукович (Viktor Janukovyč). После масовните протести (познати како *Еуромајден*) и негово разрешување(на 22 февраури 2014со мнозинство на гласови од украинскиот парламент), конечно во мај 2014 година, Договорот за Асоцијација ќе биде потпишан и од страна на Украина. Осум години подоцна, во 2022 година, сите три земји ќе го достават своето барање за приклучување кон ЕУ, со таа разлика што Украина својата апликација ќе ја потпише во ек на само што започнатата специјална руска операција на нејзина територија (28 февруари). Заради настанатата ситуација, следниот ден Европскиот Парламент ќе усвои резолуција со која ќе побара релевантните институции да и дадат кандидатски статус на Украина. Во однос на НАТО членството, во 2008 година американскиот претседател Џорџ Буш Џуниор (George W. Bush Jr.) прави обид да упати покана за НАТО членство до Грузија и Украина, но истото нема да биде одобрено од Германија и Франција и ќе биде предмет на остра реакција од страна на Русија која отворено се противеше (и сеуште се противи) за нивниот евентуален влез во Алијансата.

вклучувањето на Западна Германија во НАТО, која што пак постоеше веќе 6 години и во која членуваа Белгија, Холандија, Луксембург, Франција, Обединетото Кралство, САД, Канада, Португалија, Италија, Норвешка, Данска и Исланд од 1949 година, а на кои и се приклучија Турција и Грција во 1952 година.
*Warsaw Pact Treaty*, Wilson Center, https://digitalarchive.wilsoncenter.org/collection/88/warsaw-pact

[6] Il silenzio di Puskin,*Limes Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/*2022, GEDI, Roma, March 2022, p.16.

Во однос на останатите земји од пост советскиот простор, како што веќе беше споменато, по распадот на СССР, 15 држави се конституираа како независни и некои од нив станаа членки на ЗНД[7]. Ерменија иако првично беше заинтересирана за потпишување на Договор за Асоцијација со ЕУ, во 2013 година се откажа од истиот и се приклучи кон *Евроазиската Царинска Унија*. Азербејџан пак, е дел од Советот на Европа и Источното Партнерство, а во 2013 година обезбеди преговори за потпишување на Договор за Асоцијација со ЕУ, додека од 2017 година отпочна преговори за взаемно унапредување на политичкиот дијалог, трговијата и општа соработката. На 15 мај 1992 година членките на ЗНД го потпишуваат *Договорот за Колективна Безбедност* - одбранбен воен сојуз, на кој во 1996 се приклучуваат Грузија и Азербејџан, а од кои, заедно со Узбекистан, ќе излезат во 1999 година (заради нивните перспективи за членство во НАТО). Врз основа на овој договор во 2002 година ќе се основа и *Организација на Договорот за Колективна Безбедност*[8].Во 1996 година се склучува *Договорот за продлабочување на воената доверба во пограничните региони*, а во 1997 година *Договорот за намалување на воените сили во пограничните региони* чии потписници се Русија, Кина, Киргистан, Таџикистан и Казахстан, а на кои од 2011 година им се придружува и Узбекистан, со што се формира *Шангајската група*. Во 2001 на 15 јуни се конституира *Шангајска Организација за соработка*[9], а истата година во јули, Кина и Русија го потпишуваат *Договорот за добрососедски односи и за пријателска соработка*. Други сојузи креирани во периодот пост СССР, се оној помеѓу Белорусија и Русија познат како *Државна заедница* (од 1996 година), односно *Руско-Белоруска Унија* (од 1997 година). Грузија, Украина, Ерменија и Молдавија се дел од Консултантската група *ГУАМ* од која во 2006 година се формираше *Организацијата за демократски и економски развој* (*ОДЕД*), заснована на идејата за заеднички пат кон структурите на евроатлантската соработка[10]. Во сферата на економијата, во 2000-та година се формира *Евроазиска економска заедница* чие членки беа Русија, Белорусија, Казахстан, Киргистан и Таџикистан, додека членството на Узбекистан траеше од октомври 2005 до октомври 2008 година. Оваа заедница престана да постои во 2014 година, а од

[7] Држави членки на НЗД се Русија, Белорусија, Молдавија, Азербејџан, Ерменија, Казахстан, Таџикистан, Киригистан, Узбекистан, Туркменистан (која од 2005 е само земја соработничка), како и Грузија и Украина, кои од 2009, во случајот со Грузија, и од 2018, во случајот со Украина, излегуваат од Заедницата.

[8] Држави членки се Русија, Белорусија, Ерменија, Казахстан, Киргистан и Таџикистан, додека Азербејџан, Грузија, Узбекистан и Авганистан се бивши членки, а Србија пак, од 2013 година има статус на набљудувач.

[9] Денес покрај шесте членки од Шангајската група, во неа како полноправни членки членуваат и Индија, Пакистан и Узбекситан, потоа како набљудувачи Авганистан, Белорусија, Иран и Монголија и како партнери за дијалог, Ерменија, Азербејџан, Камбоџа, Непал, Шри Ланка и Турција. Од 2021 се донесе одлука за отпочнување на процесот за пристапување на Иран како полноправна членка, и за Египет, Катар и Саудиска Арабија како партнери за дијалог.

[10] Organization for Democracy and Economic Development, *Treccani...Op.cit.*,p.1028.

2015 година истата беше заменета со *Евроазиска Економска Унија*. Во рамките на оваа заедница во 2010 година се формираа всушност и *Евроазиската Царинска Унија*, а во 2012 година *Евроазиски економски простор*.

## 2. Руско- украински односи

Од сите горенаведени сојузи и организации се увидува дека и покрај изјаснувањето за независност, земјите кои беа дел од СССР и Варшавскиот пакт и после нивниот распад тежнеат сепак кон членување во сојузи. Враќајќи се на периодот на распадот на СССР, нејзините поранешни членки ја прогласија својата независност повикувајќи се на членот 72 од Уставот на СССР од 1977 година[11] кој предвидуваше дека секоја сојузна држава го задржува правото да излезе од сојузот. Во рускиот случај, Конгресот на народните пратеници на 12 јуни 1990 година ќе донесе *Декларација за државен суверенитет на Русија* и истиот ден неформално ќе го добие називот „Ден на независноста„, иако не беше разбирливо на чија независност се мисли и независност од кого[12]. Украина пак својата независност ја прогласува на 24 август 1991 година. Три години подоцна од донесувањето на гореспоменатата Декларација, Русија ќе го усвои својот нов устав кој ќе стапи во сила на 12 декември 1993 (денот на националниот референдум, како што е наведено во вториот дел насловен *заклучни и преодни одредби*), а со кој престана да важи уставот од 12 април 1978 година[13].

Првиот член на рускиот Устав одредува дека Руската Федерација (или еквивалентно Русија) е демократска федерална држава, законски врзана со републиканска форма на владеење, а во членот 5 се објаснува дека Федерацијата е составена од еднакви федерални субјекти, (републики, краини, области, градови од федерално значење, автономна област и автономни окрузи), кои се набројани во членот 65. Овој член, во 2014 година, беше дополнет со два нови субјекти, односно Кримската Република во делот на републики и Севастопол како град од федерално значење.

Истите овие субјекти, Крим и Севастопол, се дел и од Украинскиот Устав[14] (усвоен на 28 јуни 1996 година, на петтата сесија на Врховната Рада на Украина) во кој се водат како Автономна Кримска Република и Севастопол град со посебен статус. Имено во членот 132 се одредува дека територијалната структура на Украина се заснова на принципот на единство и неделивост на државната територија, на комбинацијата на централизација и децентрализација во вршењето на државната власт и на урамнотежениот социјален и економски развој на регионите, со оглед на нивните историски, економски, еколошки,

[11] Constitution (fundamental law) of the Union of Soviet Socialist Republicshttps://www.marxists.org/history/ussr/government/constitution/1977/constitution-ussr-1977.pdf
[12] Глеб Черкасов, Роденденот на новата Русија, *Russia Beyond*, од 12 јуни 2013, https://mk.rbth.com/politics/2013/06/12/rodendenot_na_novata_rusija_12_jun_22965
[13] The Constitutionof Russian Federation, http://www.constitution.ru/en/10003000-01.htm
[14] Constitution of Ukraine,https://www.refworld.org/pdfid/44a280124.pdf

географски и демографски карактеристики и етнички и културни традиции. Членот 133 го уредува прашањето за системот на административната и територијална структура на Украина, според кој државата е составена од 24 области, Автономната Република Крим и градовите Киев и Севастопол, кои имаат посебен статус. Десеттото поглавје е посветено на Автономната Република Крим, во чиј член 134 се одредува дека Крим е нераскинлив составен дел на Украина со сопствен устав донесен од Врховната Рада на Автономната Република, а одобрен од Врховната Рада на Украина. Имено согласно одредбите, Украина е унитарна држава (Република, во која се признава и гарантира локална самоуправа), чиј суверенитет се протега на целата нејзина територија, која во нејзините сегашни граници е неделива и неповредлива. Во однос на идните аспирации на државата како во Преамбулата на уставот, така и во самиот устав, (со амандманите од 2019 година на членовите 85, 102 и 116) се одредува *должноста да се обезбеди спроведување на стратешкиот пат на државата за стекнување полноправно членство на Украина во Европската Унија и Северноатлантскиот договор*[15].

Земајќи превид одредени аспекти (безбедносниот фактор, културниот елемент и големата процентуалност на руски граѓани во одредени делови на Украина, економската и трговска соработка помеѓу двете земји), украинската држава има посебно значење за Русија, како во рамките на СССР, така и по нејзиниот распад. Таа преставува еден од поголемите гранични соседи на Русија на запад, заради што може да и се даде епитетот *Западна порта кон ЕУ*. Од економска гледна точка, оваа *порта* на Русите им одговараше да биде отворена за економски - трговски односи и достава на рускиот гас во Европа, но од безбедносна гледна точка, истата претставува штит од западните навирање и нивно приближување на прагот на Русија, заради што, треба да остане затворена. Од културна гледна точка, значењето на Украина за Русија произлегува од заедничката историја и од грижата за руското население кое преставува најголемата малцинска група во Украина. Русите се најзастапени на полуостровот Крим кој од 2014 година Русија го анектираше, како и во регионот Донбас, односно во самопрогласените Републики Доњецк и Луганск, признаени од Русија и уште неколку држави. Да не се занемери и фактот дека значајни советски нуклеарни вооружувања се наоѓаат на украинската територија, заради што во 1994 година со *Меморнадумот од Будимпешта*, Русија, САД и ЕУ се обврзаа да ја почитуваат независноста и територијалниот интегритет на Украина, додека Украина се обврза да се откаже од советското нуклеарно вооружување кое беше поставено на нејзина територија[16].

[15] N. 2680-VIII dated February 7, 2019,*Constitution of Ukraine*,*Op.Cit.*
[16] *Memorandum of security assurances in connection with Ukraine's accession to the Treaty on the Non-Proliferation of Nuclear Weapons*, https://treaties.un.org/Pages/showDetails.aspx?objid=0800000280401fbb

Како што беше погоре споменато Украина е дел од неколку сојузи заедно со Русија, но има аспирации и е ориентирана кон членство во ЕУ и НАТО, што преставува и основен проблем за руско - украинските односи. Од 1994 година таа е дел од *Партнершипот за Мир* на НАТО, а после 2008 година има тенденција за нејзино приклучување како кон НАТО, така и кон ЕУ[17].Дијалогот за приклучување кон овиесојузи се интензивираше за време на претседателството на Виктор Јушченко (Viktor Yushchenko), меѓутоа со доаѓањето на власт на Јанукович, во јуни 2010 година се усвои закон согласно кој државата не може да се приклучи кон воено-политички сојузи, додека во декември 2013 година со декрет донесен од Владата, се суспендираа подготовките за потпишување на Договорот за Асоцијација. Како причини беа наведени опаѓањето на економските односи со земјите од ЗНД и условите поставени од Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ)[18].Ваквите одлуки доведоа до *Еуромајден кризата* (немири и масовни протести на *Плоштадот на Независноста*) и смена на Јанукович со Турчинов (Oleksandr Turčynov), за да после изборите од 2014 година, претседателското место му припадна на Порошенко (Petro Porošenko),додека премиерското место на Јацењук (Arseniy Yatsenyuk). Првото нешто што ќе биде направено од владата на Јацењук е потпишувањето на Политичко придружување кон ЕУ, на 21 март 2014 година во Брисел, додека потпишувањето на Договорот за Асоцијација ќе биде направено од новиот претседател Порошенко, на 27 јуни истата година.

Сите овие настани беа будно следени од Русија, која на Украина, гледаше како на тампон зона во односите со ЕУ и НАТО сојузниците, па така Путин своето незадоволство во однос на начинот на кој беше отстранет Јанукович и поставување на прозападно ориентиран претседател (што во неговата перцепција значеше опкружување на Русија), го манифестираше преку припојување на Крим и Севастопол кон Руската федерација, во март истата година, (а врз основа на резултатите добиени од референдумот организиран во Крим на 16 март 2014 во кој учествуваа повеќе од 83% од гласачкото тело и на кој мнозинството се изјасни за повторно соединување со Русија). Имено, два дена по одржаниот референдум во Крим, на 18 март 2014 година во своето

[17] На 30 март 2012 година, ЕУ даде препораки за спроведување на реформи во однос на корупцијата и почитување на човековите права во земјата, а со барање за ослободување на поранешната премиерка Тимошенко (Yulia Tymoshenko). Иако првично и Јанукович беше за отпочнување на процесот за ЕУ интеграција, подоцна тој го суспендираше истиот.
*Signature of Association Agreement with the EU will depend on Ukraine's performance*, European Commission, 15 May 2013,https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/IP_13_436;

[18] Во тој период во Украина се бележи пад на индустриското производство и на извозот за драстични 10% од почетокот на годината, како резултат на воведување на нови царински правила од страна на Русија во однос на украински производи. Имено од август 2013 година Русија ги стопираше сите украински стоки, како реакција на нејзината одлука да се сврти кон Западот. Како други наведени причини беа споменати условите кои ММФ ги постави во однос на евентуалниот заем кој требаше да и биде даден на земјата. Од друга страна Русија и понуди на Украина да инвестира 15 милијарди долари во нејзиниот државен долг и намалување за околу една третина за рускиот гас за Нафтогас (националната енергетска компанија на Украина).

обраќање пред Федералното Собрание, Путин го одржува „Кримскиот говор"[19]. Тој во овој говор, меѓу другото истакнува дека од време на време во Украина се случуваа обиди да се лишат Русите од своите историски сеќавања, а повремено и од мајчиниот јазик, со цел да ги претворат во субјекти на принудна асимилација, споменувајќи го во тој контекст предлогот за изработка на закон за ревизија на јазичната политика со кој директно се повредуваат правата на националните малцинства. Законот беше одложен, но тој објаснува дека жителите на Крим и на Севастопол, се обратиле до Русија, со повик за заштита на нивните права и живот, а Русија само се одзвала на повикот. На крајот на говорот Путин бара од Федералното Собрание да се разгледа уставниот закон за вклучување на два нови субјекти во федерацијата, а тоа се Крим и Севастопол и да се подготви договор за нивниот влез во федерацијата. Интересно е да се наведе дека во овој говор тој вели: *не верувајте им на тие кои ве тераат да се плашите од Русија, на тие кои креваат врева дека по Крим ќе следуваат други региони*[20]. После овој потег (преку референдум организиран на 11 мај 2014 година) следеше и самопрогласување на независност од страна на руските сепаратисти од регионот Донбас и формирање на Република Луганск и Република Доњецк. По ваквите настани, во септември 2014 година беше потпишан Минскиот протокол[21], помеѓу руската и украинската страна, а под покровителство на ОБСЕ, кој предвидуваше, прекин на огнот во регионот Донбас и обврска од страна на Киев да преземе чекори кои ќе фаворизираат децентрализација и поширока автономија во однос на сепаратистичките републики, преку усвојување на украински закон „*За привремен ред на локална самоуправа во одредени области на Доњецк и Луганск*" и одржување на избори во согласност со овој закон. Овој протокол не профункционира во целост и престрелките продолжија, а во јануари 2015 година сепаратистичките сили отпочнаа нова офанзива. По преговорите направени помеѓу рускиот, украинскиот, францускиот претседател и германската канцеларка и лидерите од двете *сепаратистички републики*, во Минск на 12 февруари 2015 година беше донесен нов пакет мерки познати како Минск 2[22]. Покрај прекинот на огнот и повлекување на оружјето од двете страни на еднакво растојание, Минск 2 предвидуваше специјален статус за Доњецк и Луганс[23].Договорот очигледно дека не донесе трајно решение, ако се земе

[19] Кримскиот говор на Владимир Путин (обраќање во Федералното Собрание),*Владимир Путин, Зборови што го менуваат светот*, Ѓурѓа, Скопје, 2017,стр.237, 244-245.
[20] Idem, стр. 254.
[21] *Protocol on the results of consultations of the Trilateral Contact Group*, signed in Minsk, 5 September 2014, Organization for Security and Co-operation in Europe,https://www.osce.org/files/f/documents/a/a/123258.pdf
[22] *Minsk peace agreement: still to be consolidated on the ground*, European Parliament, Briefing 12 February 2015
https://www.europarl.europa.eu/EPRS/EPRS-Briefing-548991-Minsk-peace-summit-FINAL.pdf
[23] Со цел да се обезбеди безбедносна зона, како и повлекување на сите странски вооружени формации, воена опрема, но и платеници од територијата на Украина, Минск 2 предвидуваше:

во предвид дека конфликтот продолжи и дека во февруари 2022 година Русија одлучи да потпише декрет за меѓународно признавање на двете сепаратистички републики(врз основа на усвоената резолуција од страна на Думата на 15 февруари 2022) и објави дека во регионот ќе испрати руски трупи со цел зачувување на мирот. По ова следеше, отпочнување на руско специјална воена операција не само во Донбас, туку на целата украинска територија. Украина од друга страна првично доби (200 илјади тони оружје од САД, Велика Британија и балтичките земји, додека ЕУ достави одбранбено и смртоносно оружје[24]) и сеуште добива постојана воена поддршка од Западот, но не и нејзина директна интервенција.

Ако се земе во предвид фактот дека *атлантска* Украина би придонело до територијално проширување и уште поголемо зголемување на западната моќ на рускиот праг, Русија со интеврвенција во Украина, интервенираше на спречување на тоа зголемување на моќ и ја наруши (или пак спречи нарушување) на меѓународната рамнотежата на моќ. Во продолжение е даден краток осврт на балансирањето на моќта на меѓународната сцена во пост „студениот" период.

## 3. Балансирање на моќта во пост студениот период

По завршување на студената војна и отпочнување на политичко-економските транзиции во земјите од Источниот блок, се прогласи победа на Западот и западните вредности и стапи период на униполаризам предводен од САД. Не добивајќи поддршка од Западот, која во неколку наврати беше побарана од Горбачев[25], СССР беше „осудена" на распад, а поголемиот дел од нејзините членки преминаа во Заедницата на Независни Држави, со исклучок на балтичките земји, кои подоцна ќе преминат комплетно во евро-атлантските институции. Првиот период од пост советскиот период, Русија под водство на Елцин ќе се соочи со транзициони проблеми (адаптација на новите пазарни капиталистички правила, одбивањето од Г7 и од ММФ за мораториумот на долгот, „пустошење" на државното земјиште, според логиката на американските necons[26], усвојување на план за приватизација на „слепо" кој Русија би ја направила зависна од

дијалог за начинот на спроведување на локални избори и за иднината на овие области, донесување на резолуција во која ќе бидат одредени териториите кои потпаѓаат под посебен режим во согласност со украинскиот закон, засновани врз основа на Минскиот меморандум од 19 септември 2014 година, уставна реформа, односно донесување на нов устав кој би влегол во сила до крајот на 2015 година, а во кој клучен елемент ќе бидедецентрализацијата, земајќи ги во предвид особеностите на одредени дистрикти во Доњецк и Луганс, како и одобрување на трајно законодавство за специјалниот нивен статус.

[24] Pachilovska,Oxana,*Ucraina, limes Europea*, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022, p.56.

[25] Bandini, Antonio*, La marcia russa, Vladimir Putin e la costituzione del potere mondiale*, LUISS University Press, Roma, 2018,p.56.

[26] Gianotti, Lorenzo, Lombardozzi, Nicola, *Un secolo di Russia 1917-2017, dalla rivoluzione bolscevica a Vladimir Putin*, Editori Riuniti, Roma, 2017, p.33-36.

САД[27]) од кои ќе профитираат олигарсите, а земјата ќе бидеа втурната во хаос. Со доаѓањето на Путин отпочнува периодот на *рускиот марш* кон поврат на статус на голема сила, најнапред со ставање внатрешен ред во земјата, преку стопирање на грабежот на ресурсите од „матните“ луѓе, нова централизација на моќта во рацете на државата, која требаше да доведе до поголема кохезија, враќање на руската патриотска гордост (passionarnost, термин кој може да биде протолкуван како национализам проткаен со гордост, дисциплина и лојалност) и вклучување на советскиот период во историски continium на руската државност[28]. Имено западните одбивања, санкциите, понижувањата, меѓу кои: американското повлекување од Договорот за балистички антиракети (со тенденција да се декласира руската нуклеарна сила[29]); интервенцијата на Буш во Ирак, кој не сметаше за неопходно да се договори со слабиот наследник на СССР[30]; навредата од Обама (Barack Obama) дека Русија е регионална сила; предлогот за покана на Русија во Нато на кој Путин одговара дека една голема сила не се приклучува кон сојузи, туку дека таа е креатор на сојузи; политиката на Трамп (Donald Trump)за *America first*, која се претвори во *America only*; американското повлекување од договорот за контрола на иранските нуклеарни програми; источното проширување на НАТО и покрај ветувањето дека нема да има такво - преставуваат уште поголем мотив за рускиот марш да успее. Путин веќе во 2007 година на Минхенската конференција објавува дека одбива униполарен свет доминиран од САД, додека на овогодишната конференција не се појави затоа што присуствуваше на воените вежби на руските балистички ракети.

После предлогот за соработка со Западот, изразена во неколку наврати и залудните апели дека руската безбедност е загрозена, руската реакција на горенаведените разочарувања ќе биде демонстрирана преку политички и воени дејствија кои ќе покажат дека Русија не само што тежнее да го одржи лидерството во регионот, туку и дека влијае на меѓународната сцена. Како примери може да се земат: интервенцијата во Јужна Осетија во 2008 година; припојувањето на Крим кон Руската федерација во 2014 година и последната специјална воена операција во Украина во 2022 година; формирање на сојузи со азиските земји (меѓу која и царинска унија и економска унија која ќе и дозволи да се мери со ЕУ, САД и Кина[31]); воената поддршка на Сирија во 2015 година и други. Одредени автори сметаат дека во прилог на подигнување на рускиот статус на меѓународно ниво допринесоа и сириските резултати посебно по прекинот на огнот во 2016 година на сириско тло, успесите на Русија и Иран на бојното поле, како и воспоставувањето на контролата на сирискиот претседател Асад (Bashar al-Assad) во важни делови на земјата[32].

[27] Badini,Antonio, *Op.Cit*., p.21.
[28] Idem,p.23, 77, 78, 87.
[29] Ivi, p.71.
[30] Gianotti, Lorenzo, Lombardozzi, Nicola, *Op.Cit*., p.37.
[31] Idem, p.38.
[32] Ivi, p.92.

Овие збиднувања секако дека не одеа во прилог на САД, заради која причина истата подготви план за ослабнување на Русија. Имено од 2019 година, како што пишува италијанскиот весник *L'indipendente* постои американски план за дебалансирање на Русија и кога се чита денес, истиот објаснува многу[33]. Документот е производ на Корпорацијата РАНД американски тинк-тенк која работела и на стратешки план за распадот на СССР и содржи квалитативна проценка на опциите кои наметнуваат трошоци, кои би можеле да ја дебалансираат и преоптоварат Русија, а вклучуваат ширење на американското производство на енергија, со цел да го намали глобалниот трошок на енергија, а да и наштети на руската економија. Потврда за тоа дека енергетските ресурси ја прават Русија силна, е и документот *Protecting Europe's Energy Security Act*, усвоен од американскиот конгрес во 2019 година, кој предвидува редуцирање на енергетска зависност од Русија до миниум[34], како и последните санкции по

[33] Во продолжение следи дел од овој документ споделен во весникот, кој всушност содржи студија за квалитативна проценка на опциите кои наметнуваат трошоци кои би можеле да ја дебалнсираат и преоптоварат Русија и да и наштети на руската економија; потоа трговски и финансиски санкции; европско отстранување од руската енергија со цел да се зголеми извозот на американскиот течен гас. На геополитички план во документот е предвидено достава на смртоносно оружје како помош за Украина, зголемена поддршка за сириските бунтовници; промовирање на либерализацијата во Белорусија; намалување на руското влијание во Централна Азија; преврт во Транснистриа, со цел протерување на руските војници од регионот. Најголемата придобивка се воспостави дека е снабдувањето со оружје на Украина. Во однос на воените дејствија, со цел да се зголеми вознемиреноста на непријателот, се предвидува репозиционирање на бомбардери со краток дострел кои се движат блиску до Русија; ова би била воена опција која се смета за задоволителна во однос на трошоците и ризиците, како и за маневар на нерамнотежа кон Русија. Во врска со оружјето за масовно уништување, се вели: „Распоредувањето на дополнително тактичко нуклеарно оружје на европски и азиски локации може да ја зголеми вознемиреноста на Русија до степен на значително зголемување на инвестициите во нејзината противвоздушна одбрана. Заедно со опцијата бомбардери, има голема веројатност за успех, но распоредувањето на повеќе вакво оружје може да ја натера Москва да реагира на начини спротивставени на интересите на Соединетите Држави и сојузниците“. Со други зборови, тоа би била совршена опција, но би повлекувала големи опасности. За поморска доминација, најуспешна опција е притисокот во областите на руско влијание. „Зголемената позиција и присуство на американските и сојузничките поморски сили во оперативните области на Русија може да ја принуди Русија да ги зголеми своите поморски инвестиции, пренасочувајќи ги инвестициите од потенцијално поопасни области“, се вели во документот. Во однос на НАТО предвидено е зголемување на копнените сили на САД и НАТО во Европа; зголемени вежби на НАТО во Европа; повлекување од Договорот за нуклеарни сили со среден дострел (со можност за изградба и распоредување нуклеарни ракети во Европа); инвестирање во нови капацитети за манипулирање со перцепцијата на ризикот што произлегува од Русија. Во однос на воениот сектор, документот се занимава со воздушно истражување и развој за кои се претпоставуваат инвестиции во авиони невидливи за радарите, беспилотни летала, авиони за напад со долг дострел, проектили, средства за електронско војување, вселенско оружје, развој на вселенски авиони, сателити.
Michele Manfrin, Esiste un piano USA del 2019 per "sbilanciare" la Russia, leggerlo oggi spiega molto, *L'indipendente,* 16 marzo 2022, https://www.lindipendente.online/2022/03/16/esiste-un-piano-usa-del-2019-per-sbilanciare-la-russia-leggerlo-oggi-spiega-molto/

[34] Со овој акт се воведува нов концепт во однос на европска енергетска безбедност, спротивен

настаните од февруари 2022 година кои меѓу другото предвидуваат блокирање на Swift-от за седум руски и три белоруски банки и забрана за сите операции со Руската Народна Банка. Како реакција на ова, наплатата на извозот на гас и нафта (кој во 2021 година изнесувал 490 милијарди долари, односно 60% од извозот и една третина од рускиот државен баланс) Русија реши да ја спроведува во рубљи и веќе од април ја стопираше испораката за гас за Полска и Бугарија, заради непридржување на политиките за плаќање.

Од моментално настанатата состојба произлегува прашањето, колку е битен гасот за стабилноста и како тоа влијае врз енергетската безбедност на европејците? Земјите од Европа преставуваат главни корисници на руски гас кој се доставува преку мрежа на цевководи[35], а мал дел од вкупниот гас (течен) пристигнува од Катар. Во претходниот период, 80% од рускиот извоз на гас до Европа се одвиваше преку украинска територија, но заради тарифни несогласување, енергетските односи помеѓу двете земји се влошија и доведоа до целосна криза која кулминираше во 2014 година со прекин на достава на гас. Во меѓувреме Русија ја редуцираше доставата и до Европа, преку Украина (помалку од 60%) концентрирајќи се на Северниот тек и неговото зајакнување. Имено Северен Тек (со 1.222 километри должина за директна достава на гас до Германија) беше отворен во 2011 година со капацитет од 55 милијарди кубни метри годишно. Последователно беше најавено дека неговиот капацитет ќе се дуплира, но овој план беше два пати (во 2014 и 2022 година) суспендиран од Германија токму заради украинското прашање (припојување на Крим и руската воена операција во Украина). Друг гасовод (Јамал) со помал капацитет од 33 милијарди кубни годишно, а долг 4.104 километри, во еден правец поминува преку Белорусија и стигнува до Полска и Германија, а во другиот правец поминува преку Украина и стигнува до Словачка и Австрија. Третиот гасовод познат како јужен тек (подржан од *Газпром, Едф, Ени, Винтершел* кој требаше да поминува преку Црното море, балканските земји со крајна дестинација Австрија и Италија), беше суспендиран во 2014 година повторно заради кримските настани. Во 2016 година Русија најде нов партнер во Турција и на крајот на 2019 година го инаугурираше отворањето на новиот гасовод долг 930 километри (преку Црното Море), со капацитет од 31,5 милијарди кубни метри годишно.

Со последните воени настани и западни санкции кон Русија, најголеми губитници од енергетските рестрикции се секако европските земји. Европското производство на природен гас е во пад, додека увозот претставува околу 90%

на постоечкиот. Овој акт ги сакнционира и сите оние неамерикански компании кои продале или дале под наем бродови со носачи на цевководи и друга опрема за изградбата на Северен Тек и Турски Тек. Maronta,Fabrizio, *La madre di tutte le sanzioni è una arma spuntata*, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022, p.93.

[35] Податоците во однос на гасоводната мрежа се земени од Pedde,Nicola, *Chiudere il gas non conviene a nessuno*, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022, p. 103-104

од потребите. Се поставува прашањето дали моменталната руско-украинска ситуација ќе го оствари американската сон, да ја подигне продажабата на американски течен гас во Европа? Русија секако си овозможи пазар кон Кина и продолжува соработката со Турција, но Европа се соочува со рестрикции и високи сметки. Во Италија дури е донесен закон според кој температурата на клима уредите во канцелариите и јавните установи во летниот период да не се намалува под 27 степени, а во зима да не надминува 19 степени. Секако дека ова не претставува трајно решение, како што не преставува исплатливо решение и прекуокеанската достава на течен гас.

Во поглед на целата ситуација, според Пачловска,[36] постојат две земји кои директно ќе имаат бенефит од моменталната ситуација, а тоа се Турција и Кина. Во однос на украинскиот конфликт, Турција се понуди за медијатор, ги затвори своите теснеците за воени бродови, без да преземе драстични мерки кон Русија (лимитирајќи се само на осуда за руската инвазија), продолжи да ја снабдува Украина со воена помош позади затворени врати, притоа одржувајќи отворени канали со Русија[37]. Турско – украинските односи се солидни ако се земе предвид и фактот дека од 2019 годинаимаат развиена и воена соработка, дека Турција преставува главниот инвеститор во Украина (податоци од 2020 година), и дека 2021 година два милиони украинските туристи ја посетиле Турција[38]. Според Пачловска, Турција се надева дека ослабнувањето на Русија може да има допринес во нејзиниот пан-турски проект, за една Голема нео-отоманска Турција (во која би влегле делови од Кавказ и Сирија, но и Крим кој преставува историската татковина на татарите).

Од друга страна, Кина има заеднички интерес со Русија во ослабнувањето на американскиот униполарен меѓународен систем. Кина не го призна руското присоединување на Крим од 2014 година, а во однос на руската воена операција во Украина предложи да се најдат дипломатски решенија, воздржувајќи се од гласање за резолуцијата на Советот за Безбедност на Обединетите Нации, со кое се осудува руската агресија. Кина внимава да го користи терминот инвазија во официјалните комуникации и ги осуди САД за потценување на последиците кои Русија би ги имала од источното ширење на НАТО[39]. Во овој контекст интересно е да се сподели дека портпаролот на кинеското министерство за надворешни работи на *твитер* објави *пост* со листа на американски бомбардирања во последните 70 години, кој беше споделен и од кинескиот амбасадор во Русија. Да не се заборави и фактот дека за време на зимските олимписки игри во Пекинг во 2022 година, рускиот и кинескиот претседател дадоа заедничка изјава за

[36] Pachlovska,Oxana, *Op.cit.,* p.55.
[37] Santoro, Daniele, *Ankara è ferma al bivio fra Washington e Mosca*, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022, p.117.
[38] Idem, p.115-116.
[39] Cuscito, Giorgio, *La Cina non morirà per Russia*, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022, p.107-114.

„*Пријателство без граници*", во која иако не се споменува терминот сојуз, истата ги отсликува заедничките интереси, иако повеќе кинеските, отколку руските, што од кинеска страна се користи и за да се афирмира моменталниот подем на Кина како супер сила[40]. Украинското прашање во нивната соработка не се споменува директно, но се објаснува дека двете земји се противат на НАТО ширењето и на консолидација на *Четвоространиот договор за безбедност* (Quadrilateral Security Dialogue) помеѓу САД, Јапонија, Индија и Австралија и *АУКУС* - безбедносното партнерство помеѓу Велика Британија, САД и Австралија, кои Кина ги перцепира како закана[41].

**Заклучок**

Од сето погоре изнесено може да се сумира дека, во трката помеѓу истакнување на руската моќ, односно нејзино враќање на меѓународната сцена и американската упорност да го задржи приматот и да ја проширува својата моќ во нови *зони на влијанија*, рамнотежата на моќ се нарушува. Очигледно е дека униполарниот систем не може да продолжи, земајќи го предвид не само *рускиот марш*, туку и подемот на Кина. Можеби Русија не го држи целиот монопол во регионот, но сепак, како и Турција (единствени две држави чии територии се простираат и на европскиот и на азискиот континент) има големо влијание во истиот. Руската моќ не произлегува само од воената подготвеност, туку и од изворот на енергетски ресурси, од кои пак е зависен поголемиот дел од европските држави. Во овој контекст земјите на ЕУ водејќи се од НАТО зависноста и притисоците на САД, ги занемаруваат реалните потреби. Очигледно е дека моменталната ситуација потврдува дека енергетските ресурси играат една од најзначајните улоги во безбедносните политики на државите. Она што е битно на ова поле всушност е да се најдат алтернативни одржливи решенија и во овој контекст ќе ја споделам едноставната изјава на унгарскиот претседател Орбан (Viktor Orbán) дадена за време на Вонредната седница на Европскиот совет (по повод усвојување на шестиот пакет санкции за Русија) одржана на 30 и 31 мај 2002, а која гласи вака: „енергијата е сериозен проблем, меѓутоа прво треба да има решение, а потоа санкции„. Санкциите кои се упатени кон Русија нема целосно да ја решат новонастанатата ситуација и потребно е секогаш да се има на ум следното: дека секој поаѓа од своите интереси и не треба да се потпира на другите, туку пред сè на своите сопствени капацитети. Украина се надева и добива западна поддршка (која не може вечно да трае), но не и конкретна воена западна интервенција. Тоа резултира со жртви и територијални загуби и штети кои ги сноси Украина, додека се чека големите сили да попуштат. Русија секако си овозможи енергетски пазар со Кина и други договори за инфраструктура, транспорт и земјоделие во износ од 25 милијарди долари во форма на кредити

40 Idem, p.111.
41 Ivi, p.113.

од кинеските банки на руските фирми[42]. Можеби токму кинеските енергетски и други интереси кои произлегуваат од соработката со Русија се и причините за кои Кина се воздржа од осуда за руското припојување на Крим и предложи дипломатски решенија во однос на актуелниот руско-украински конфликт. Останува да се види дали моменталната руско-украинска ситуација ќе го оствари американскиот сон за зголемување на продажбата на американски течен гас во Европа? Секако дека конфликтот на може вечно да трае, барем не со ваков интензитет и број на жртви и секако дека ќе заврши со решение кое не значи дека ќе даде целосна сатисфакција на двете страни, но едно е сигурно, дека го смени светскиот поредок.

**Користена литература**

1. Bandini, Antonio, La marcia russa, Vladimir Putin e la costituzione del potere mondiale, LUISS University Press, Roma, 2018.
2. Commonwealth of Indipendent State, *Treccani Atlante geopolitico 2014,* Istituto della enciclopedia italiana Roma, Roma, 2014.
3. Constitution (fundamental law) of the union of soviet socialist republicshttps://www.marxists.org/history/ussr/government/constitution/1977/constitution-ussr-1977.pdf
4. The Constitution of Russian Federation, http://www.constitution.ru/en/10003000-01.htm
5. Constitution of Ukraine, https://www.refworld.org/pdfid/44a280124.pdf
6. Cuscito, Giorgio, La Cina non morirà per Russia, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022.
7. Gianotti, Lorenzo, Lombardozzi, Nicola, Un secolo di Russia 1917-2017, dalla rivoluzione bolscevica a Vladimir Putin, Editori Riuniti, Roma, 2017.
8. Gordon, Michael R., The Anatomy of a Misunderstanding, New York Times, May 25, 1997. https://www.nytimes.com/1997/05/25/weekinreview/the-anatomy-of-a-misunderstanding.html
9. Glaze, Stephen, G. r, The Brezhnev Doctrine, 5 INT'L L. 169 (1971) .https://scholar.smu.edu/til/vol5/iss1/13
10. Il silenzio di Puskin, *Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022*, GEDI, Roma, March 2022 .
11. Кримскиот говор на Владимир Путин (обраќањевоФедералнотоСобрание), *Владимир Путин, Зборови што го менуваат светот*, Ѓурѓа, Скопје, 2017.
12. Manfrin, Michele, Esiste un piano USA del 2019 per "sbilanciare" la Russia, leggerlo oggi spiega molto, L'indipendente, 16 Marzo 2022, https://www.lindipendente.online/2022/03/16/esiste-un-piano-usa-del-2019-per-sbilanciare-la-russia-leggerlo-oggi-spiega-molto/
13. Maronta, Fabrizio, La madre di tutte le sanzioni è una arma spuntata, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022.

[42] Gianotti, Lorenzo, Lombardozzi, Nicola, *Op.Cit*., p.86.

14. Memorandum of security assurances in connection with Ukraine's accession to the Treaty on the Non-Proliferation of Nuclear Weapons,https://treaties.un.org/Pages/showDetails.aspx?objid=0800000280401fbb
15. Minsk peace agreement: still to be consolidated on the ground, European Parliment, Briefing 12 February 2015 https://www.europarl.europa.eu/EPRS/EPRS-Briefing-548991-Minsk-peace-summit-FINAL.pdf
16. Organization for Democracy and Economic Development, in Treccani Atlante geopolitico 2014, Istituto della enciclopedia italiana Roma, Roma, 2014.
17. Pachilovska, Oxana,Ucraina, limes Europea, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022.
18. Pedde, Nicola, Chiudere il gas non conviene a nessuno, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022.
19. Protocol on the results of consultations of the Trilateral Contact Group, signed in Minsk, 5 September 2014, Organization for Security and Co-operation in Europe, https://www.osce.org/files/f/documents/a/a/123258.pdf
20. Santoro, Daniele, Ankara è ferma al bivio fra Washington e Mosca, Limes, Rivista italiana di geopolitica, La Russia cambia il mondo, 2/2022, GEDI, Roma, March 2022.
21. Signature of Association Agreement with the EU will depend on Ukraine's performance, European Commission, 15 May 2013 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/IP_13_436;
22. Черкасов, Глеб, Роденденот на новата Русија,*Russia Beyond*, од 12 јуни 2013.
23. Warsaw Pact Treaty, Wilson Center, https://digitalarchive.wilsoncenter.org/collection/88/warsaw-pact